**Влада на Република Северна Македонија**

**Генерален секретаријат**

Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2026 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk** со назнака **Иницијатива за ГПРВ 2026**, до **15.9.2025 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

**Општи податоци за здружението / фондацијата**

Име на здружението/фондацијата: **САНАТАТЕ-Здружение за подобрување на здравјето преку информации и обуки-Прилеп**

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар): **0101955497504**

Седиште и адреса (улица, број, општина): **ул. „11 Октомври“ број 55/А-11, ПРИЛЕП**

Застапник: **ГАБРИЕЛА ТАВЧИОСКА**

Веб страница: https://neuroped.mk/санатате

Електронска пошта (e-mail): **sanatate.mkd@gmail.com**

Телефонски број за контакт: **076 438 735**

Лице за контакт: **Габриела Тавчиоска**

**Предлог- иницијатива**

**за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2026 година**

**Наслов на иницијативата:**

**,,Добар почеток, подобра иднина'' - иницијатива за зајакнување на перинаталната проценка на ризикот за развојни отстапувања**

**Стратешки приоритет:** (поврзаност со стратешки приоритет на Владата, согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2024-2028 https://vlada.mk/strateshki-prioriteti?ln=mk)

**Тема здравствена политика/стратегија**: префрлање на фокусот на здравствениот систем и здравствената заштита кон унапредување на здравјето, превенцијата и раното откривање на болести, проактивно управување со хроничните болести и обезбедување на зголемено ниво и опсег на нега во примарната здравствена заштита и во заедницата.

**Тема Социјална грижа:** намалување на бројот на лица со попреченост и полесна нивна пинатамошна интеграција во општеството

**Од стратегијата за здравство 2021-2030, оваа иницијатива е во согласност со точка 7.4, Цел 4: Квалитетен здравствен систем – рано препознавање на ризик фактори кај новородените деца, нивна евиденција и следење, со цел рана интервенција и намалување на невроразвојните нарушувања**

**НППА:** (поврзаност со пристапни партнерства и соодветна идентификација на поглавје и подрачје https://mep.gov.mk/mk-MK/eu-integracii/nacionalnata-programa-za-usvojuvanje-na-pravoto-na-eu)

Иницијативата **,,Добар почеток, подобра иднина'' - иницијатива за зајакнување на перинаталната проценка на ризикот за развојни отстапувања** има интерсекторски (здравстено-социјален) пристап и поврзаноста со НППА е во Поглавје 28 (Заштита на потрошувачите и јавно здравје) во корелација со поглавје 19 (Социјална политика и вработување.

**Поглавје 28 Заштита на потрошувачите и јавно здравје (под-област Јавно здравје)**

Со усогласување на националната листа на перинатални ризик фактори со најновите научни докази и европски стандарди ќе се обезбеди системска поддршка за рана идентификација и интервенција што продонесува за намалување на оптовареноста од хронични состојби и инвалидитет во популацијата. Оваа иницијатива ја зајакнува јавноздравствената компонента на националните политики преку унапредување на заштитата на мајките и децата и зголемување на квалитетот и достапноста на здравствените услуги.

**Поглавје 19 Социјална политика и вработување**

Зајакнување на перинаталната проценка на ризик факторите за развојни отсапувања претсавува приоритетна мерка за унапредување на јавното здравје и заштитата на ранливите групи, согласно европските стандарди и препораки.

Со воведување на ревидирана и сеопфатна листа на перинатални ризик фактори ќе се овозможи рана идентификација и навремена интервенција со што значително ќе се намали појавата на трајни последици по развојот на децата (развојни доцнења и/или попреченост). Оваа иницијатива директно придонесува кон исполнување на целите за подобрување на здравствените индикатори, зајакнување на системот за превентивна здравствена заштита и промовирање на еднаков пристап до здравствени услуги на сите деца.

Во ова поглавје иницијативата е директно поврзана со социјалните права и вклученоста на лицата со попреченост. Раната идентификација и интервенција имаат јасна врска со намалување на социјалната исклученост, олеснување на интерграцијата на децата со развијни отстапувања и создавање еднаков почеток со сите дева.

Оваа иницијатива отвора можности за поврзување со ИПА фондови за социјална политика и инклузија.

**Образложение:** (опис на состојбите, причини за проблемите кои се предмет на разгледување, цел на предлогот, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт)

Перинаталните компликации се една од водечките причини за појава на невроразвојни нарушувања како што се церебрална парализа, интелектуална попреченост, аутистичен спектар на нарушувања и потешкотии во учењето. Навременото препознавање на ризик факторите во перинаталниот период овозможува рано препознавање и рана интервенција во критичните фази од развојот на мозокот кај детето.

Сегашната национална листа на перинатални ризик фактори во  Македонија е креирана и дефинирана во 2003 година, и имајќи ги предвид промените во видот и зачестеноста на ризик факторите во последните 20 години, евидентно е дека таа листа не ги покрива доволно ризиците кои водат кон долгорочни невроразвојни последици. Меѓувреме, со развојот на технологијата, демографските движења, растот на возраста на мајката при прво раѓање, зголемениот број раѓања со асистирано оплодување, проментета е доминацијата на зачесетноста на поедини ризик фактори како и појава на нови ризици. Ова го ограничува капацитетот на здравствениот систем за рано идентификување, следење и упатување на ризични новороденчиња и деца.

Дефинирањето на првата Листа на перинатални ризик фактори беше резултат на детектираната потреба од рана идентификација на новородени деца со ризик, со цел ран опфат и нивно следење од најоптималниот период за унапредување на здравјето на децата. Во изработката на листата учествуваа бројни експерти од областа на неонатологијата, развојната педијатрија, невропедијатријата и социјалните служби кои се дел од тимот за следење и унапредување на згрижувањето на деца со пречки во развојот. Процесот беше воден во рамки на Министерството а здравство, а финансиран од страна на Германската канцеларија за техничка поддршка (тогашна ГТЗ, сегашна ГИЗ), со широка консултација на повеќе служби, експертска посета на Република Германија (Баварија) каде што овој вид на превенција, рана детекција, и навремено следење има достигнато највисоко ниво во цела Европа, и заврши со дефинирање на Листа на најчестите ризик фактори во епринаталниот

период кои се одговорни за развојни нарушувања. Со опфат на сите региони во државата, се постигна унапредување на работата на двете најголеми развојни советувалишта, во Скопје и Битола, и отворање на уште неколку центри за развојно следење на доенчињата во Охрид, Велес и Штип. Пријавувањето на новородени деца со ризик беше спроведено од страна на родилиштата во Република Македонија.

За жал, меѓувреме со многу промени во здравствениот систем, кадровски движења, со редуцирана функција останаа само развојните советувалишта во Скопје, Битола, и делумно во Охрид и Велес, без јасен увид во нивната работа и без веродостојни индикатори на успешност. Од овие причинио, денес државата не може да реферира стапки на ризични новородени деца, стапка на ран опфат на ризичните новороденчиња и стапка на развојни нарушувања како резултат на перинатални ризик фактори.

Овој проект има за цел ревизија и ажурирање на листата на перинатални ризик фактори со фокус на оние кои се научно поврзани со невроразвојните нарушувања. Ревидираната листа ќе биде основа за унапредување на раното откривање, следење, упатување и поддршка за деца со зголемен ризик, а воедно, превенција на оние ризици кои може да се спречат.

Крајна цел:

Намалување на долгорочните невроразвојни нарушувања преку унапредување на здравствената политика за рано препознавање на ризик кај новороденчиња.

Специфични цели:

1. Формирање на национална експертска група (неонатолози, педијатриски невролози, развојни психолози, јавноздравствени експерти).
2. Идентификација на клучните перинатални ризик фактори поврзани со невроразвојни нарушувања
3. Валидација и пилотирање на ревидираната листа во болнички и педијатриски установи.
4. Застапување за вклучување на листата во националните здравствени политики (законски измени, носење правилници, упатства и протоколи)

**Надлежен орган на државната управа:** (надлежно министерство за спроведување на иницијативата)

**Министерство за здравство**

**Очекувани влијанија:** (економски влијанија, социјални влијанија, влијанија врз животната средина, административни влијанија и трошоци)

Ревидираната листа ќе биде вклучена во националните водичи и електронските здравствени системи. Вклученоста на професоналци ќе овозможи долгорочна клиничка примена и едукација на кадарот во јавните здравствени институции.

**Економски влијанија**: редукција на трошоци за лекување и рехабилитација на деца со невроразвојни промени како резултат на ризици во бременост, раѓање и ран неонатален период

**Социјални влијанија**: намалување на бројот на деца со пречки во развојот и редукција на потребите од долготрајно лекување и понатамошна рехабилитација.

**Административните влијанија и трошоци** се директно поврзани со намалувањето на бројот на деца со невроразвојни нарушувања и бројот на пациенти кои ќе се водат во регистрите на лица со пречки.

**Финансиски импликации:** (доколку иницијативата има финансиски импликации, се наведува дали се обезбедени потребните средства и од кои извори)

**За потребите на оваа иницијатива (проект) процесот е планиран во повеќе фази, по претходниот редослед:**
-анализа и ревизија на докази
-експертска консултација
-развој на план (алгоритам) за детекција и пилот тестирање на новиот алгоритам
-интеграција и имплементација
Планиран вкупен буџет: околу 30.000 Евра во денарска противвредност
Дел од средствата ќе бидат обезбедени од други извори, преку апликации за грантови.

**Прилози** (се наведува насловот и авторот, со линк до документот доколку е достапен електронски)

Потпис на застапникот

12.09.2025 година

Здружение за подобрување на здравјето САНАТАТЕ - Прилеп SANATATE Прилеп

-------------------------